**Барање 23-1843/1**

1.Кои активности се предвидени во програмата на Општина Кавадарци за 2022 година за подобрување на иклузијата на лицата со попреченост на локално ниво?(ве молиме за детален одговор)

2.Дали улиците во Општина Кавадарци се пристапни за слободно движење на лицата со пореченост? (објаснување:дали на тротоарите има направен законски наклон за слободно движење на лицата со пореченост)

2.1 Дали се планирани наклони за слободно движење на лицата со пореченост на тротоарите на улиците кои се реконструираат? Ве молиме образложете:

3.Дали до и во/низ зградата на локалната самоуправа има рампа за пристапност на лицата со пореченост?Доколку ДА, До кој спрат/оддел во зградата на Локалната самоуправа лице со попреченост може да има пристап? (ве молам за фотографии од рампата за пристапност)

4.Дали општината има увид колку од локалните јавни институции во Општина Кавадарци имаат рампа за пристап на лицата со попреченост?

5.Дали во Локалната самоуправа на Општина Кавадарци има обучено лице за комуникација со лица со попреченост?

**Одговор 23-1843/2**

1.По проектот за подобрување на социјалните услуги, склучен помеѓу Министерството за Труд и социјална политика и Општина Кавадарци,а во партнерство со Црвен Крст од Општина Кавадарци ,кои делуваат како даватели на услугите се реализираат неколку услуги.Услугата обезбедува помош во вршење на основни (лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, посредување за перење, готвење, купување продукти, земање медицинска терапија), за лица со намален функционален капацитет кои неможат да се грижат за себе,со цел да продолжат независен живот во заедницата.

Во рамки на проектот Зајакнување на локалните капацитети за спроведување на Агенда 2030 и принципот “Никој да не биде изоставен” и “Општински претставник за малцински прашања и права”,Општина Кавадарци зема активно учество за спроведување на пристап за испорака на социјална услуга “Воспоставување на дневен центар како услуга за подршка на семејството и услуги кои се базирани во заедницата”. Финансиската подршка Општина Кавадарци ќе ја искористи за опремување на Дневен Центар за лица со телесна и ментална попреченост. Проектот ќе се реализира во 2022 година.

Со целосна реализација на овој проект ќе се подобрат условите за живот на повеќе од 40 фамилии во Вардарскиот Регион.

Во програмата на Општина Кавадарци за 2022 година,активностите ќе бидат насочени кон

-Набавка на опрема (помагала)за хендикепираните лица

-Во однос на превоз за потребите на лицата со попреченост,Општина Кавадарци располага и

со превозно средство кое врши превоз на лица со попреченост и инвалидитет ,врз основа на нивните потреби за превоз во Општина Кавадарци и надвор од територијата на Општина Кавадарци во исклучителни услови.

2. Постојните улици во Општина Кавадарци делумно имаат пристап за слободно движење на лицата со попреченост,најчесто главните улици и оние улици кои се наоѓаат во центарот на градот имаат направено наклон за слободно движење на лицата со попреченост.

2.1 На троатоарите на улиците кои тековно се реконструираат,се прават законски наклони за слободно движење на лицата со попреченост.

3. Во зградата на Општина Кавадарци на самиот влез од двете страни постои наклон за пристап на лицата со попреченост за влез во зградата, до први кат, додека за пристап до погорните катови од задната страна на зградата постои лифт,наменет за такви потреби ,кој моментално поради технички причини не во употреба.

Во прилог фотографија од влезот на Општина Кавадарци





4.Општина Кавадарци нема увид колку од јавните институции имаат рампи за пристап на лица со попреченост.

5. Не.Во Општина Кавадарци нема обучено лице за комуникациј со лица со попреченост.